ЗДРУЖЕНИЕ НА
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
НА МАКЕДОНИЈА
ул. Босфор бр. 1 - Илинден, Скопје, Р. Северна Македонија
Тел.: +389 2 3148 256, Е-пошта: president@zklm.org

IFATCA MEMBER

Здружение на
КОНТРОЛОРИ НА ЛЕТАЊЕ
на Македонија
Бр. 06/02
20.06.2023 год.
ИЛИНДЕН

До Членови на УО

При М-НАВ а.д. Скопје

Почитувани,

Со оглед на новонастанатата состојба со мостот ,,Беласица'' на потегот помеѓу East Gate Mall и Железничката станица, кој опфаќа дел од рутата по која се движи организираниот превоз за вработените во М-НАВ, а и поради укажувањата од нашите членови околу возниот ред и реализацијата на истиот и пред затворањето на мостот, Ви се обраќаме со следните барања:

1. Бараме да се изврши привремена измена на возниот ред со која би се избегнало доцнење на организираниот превоз, бидејќи по затворањето на мостот доцнењето стана скоро редовна пракса (особено за пладневна смена). Начинот на кој би се изменила рутата го оставаме на одговорното одделение, а доколку има потреба од наши предлози, стоиме на располагање за соработка.
2. Бараме да се изврши (трајно) ревидирање на возниот ред (особено за пладневна смена), кој според тоа што е објавено на огласната табла на влез во зградата не е променет од 2014 година, а во последниве 9 години и тоа како се променил обемот на сообраќај низ градот.
   Особено бараме промена на времето за тргнување после ноќна смена за кое не гледаме никаква оправданост да се чека до 07:45 за да превозот тргне кон Скопје. Сметаме дека исто како за другите смени, така и после ноќна смена, 30та минута, односно најдоцна во 07:35 е повеќе од доволно.

Двете, а особено второто барање, произлегува од тоа што веќе подолг период организираниот превоз неретко не пристига согласно наведеното време, со што се отежнува процесот на примопредавање на смена во ОБКЛ, а често и се доцни, што оневозможува почитување на технологијата на работа за КЛ кои го користат организираниот превоз. Имено, технологијата на работа на одделението за ОБКЛ бара: **,,По пристигнувањето на работа, оперативните ОБКЛ извршители во смена се упатуваат во собата за брифинг каде што чекаат да бидат повикани од страна на супервизорот за извршување на оперативни задачи и доставување на дневниот распоред''** и **,, Извршителите се должни да дојдат на своето ОРМ најдоцна 5 минути пред назначеното време во дневниот распоред''**. Според ова, превозот треба да е пристигнат најдоцна до 20та минута пред зградата на аеродром, за да извршителите имаат доволно време да ги испочитуваат горенаведените точки од Технологија на работа на ОБКЛ.

Покрај наведеното, барањето го праќаме бидејќи се отежнува процесот на примопредавање на смена во ОБКЛ кога повеќе КЛ од иста смена го користат организираниот превоз за да пристигнат на работа, па често, а особено во текот на летната сезона, тој процес на примопредавање одзема повеќе време со оглед на сериозно зголемениот обем на сообраќај.

Очекуваме да реагирате правовремено и да се реши проблемот што поскоро.

Со почит,

Претседател на ЗКЛМ

Наташа Мијат Крстевска